РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11-940/2
17-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 41-а став 8 од Деловникот за работа бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр.02-3087/1 од 06.12.2024 година, Државната комисија за спречување на корупцијата на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година го усвои следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

за антикорупциска проверка на
одредбите од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината

**Наслов:**
-Правилник за формата,содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 71/19)

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива:**
По сопствена иницијатива, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во согласност со Годишен план за спроведување на антикорупциската проверка на легислативата за 2026 година бр. 11-84/1 од 02.01.2026 година.

**Област:** Здравство

**Генерална оценка**

**1.Осврт на барањето :**
Со правилникот се пропишува формата, начинот на водење исодржината на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината.

**2.Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
-Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019);
-Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24, 170/24 и 31/26);
-Статут на Лекарската комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија бр.24/95, 30/95, 22/96, 36/00, 28/2017 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.48/2020").

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согласно со Методологијата за

антикорупциска проверка на легислативата бр.03-4058/1 од 27.11.2020 година, спроведе антикорупциска проверка на одредбите од правилникот по што го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупцијата, по извршената анализа и оценка на легислативата кои ја уредуваат дадената област, наиде на постоење на регулаторни ризици.

## Образложение

Државната комисија со Годишниот план за спроведување на антикорупциска проверка на легислативата за 2026 година одлучи во рамки на оваа своја законска надлежност да изврши анализа на одредбите од Правилникот со кои се уредува формата, начинот на водење и содржината на регистарот на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината.

При донесување на Годишниот план, од приоритетно значење беа законските и подзаконските акти со кои се уредуваат области, во кои ризикот од корупција се детектира многу често во праксата, а воедно ја засега широката јавност.

Дополнително се земаа во предвид приоритетните проблеми кои генерираат ризици од корупција во секторот здравство и во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021- 2025 година.

Поаѓајќи од наведеното, со примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: „Државната комисија“), спроведе антикорупциска проверка на одредбите од предметниот правилник од аспект на постоење регулаторни ризици од корупција.

Во Законот за здравствената заштита Глава XI. Коморско здружување со поднаслов Јавни овластувања и должности на Лекарската, Стоматолошката, односно Фармацевтската комора, во член 261 став 4 е уредено дека формата и содржината на регистрите и начинот на нивно водење ги пропишуваат коморите, со акт на кој министерот за здравство дава согласност.

Врз основа на оваа надлежност определена со Законот за здравствената заштита и член 14 од Статутот на Лекарската комора, Собранието на комората го пропишува Правилникот за формата, начинот на водење и содржината на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствените работници со високо образование од областа на медицината.

Овој регистар преставува посебна матична евиденција за докторите на медицина со лиценца за работа кој го води Лекарската комора на Република Северна Македонија.

На веб страницата на Лекарската комора објавена е листа за доктори кои се носители на важечки лиценци за работа, овие податоци се јавно достапни и секое заинтересирано правно и физичко лице може да изврши увид и да изврши проверка дали одредено лице е носител на лиценца за работа со име и презиме на докторите, нивната специјалност, бројот на лиценца и датум на нејзина важност.

Од извршената антикорупциска проверка се утврди дека Правилникот содржи конкретни и јасни одредби во делот на формата и содржината на регистарот, но се утврди недостаток во однос на начинот на водење на регистарот, од причина што нема одредба со која е уреден временскиот период за ажурирање на податоците во регистарот, како и негово јавно објавување. Оваа правна празнина претставува регулаторен ризик, бидејќи овозможува различно толкување од

страна на субјектот што го води регистарот при определување на времето за ажурирање на податоците.

Според информацијата последно објавена на веб страницата на Лекарската комора, листата на доктори кои се носители на важечки лиценци за работа се ажурира на секои четири месеци со нови податоци за издадени, обновени и продолжени лиценци.

Иако со наведеното Лекарската комора ја подобрува транспарентноста во своето работење и водењето на постапката, недостатокот на одредба со која во законот или во подзаконскиот акт јасно ќе биде пропишан рокот и начинот на ажурирање и објавување на податоците од регистарот, остава можност за дискреционо одлучување на одговорното лице, односно создава ризик одговорното лице да го искористи ваквото овластување за субјективно уредување на времето на ажурирање на податоците.

Оттука, според Државната комисија законодавецот не ги опфатил сите аспекти кои е неопходно да бидат уредени, што може да влијае на примена на начелата на законитост, јавност и транспарентност, како клучни за градење на довербата, спречување на корупцијата и подобрување на ефикасноста во работењето на јавните институции.

Дополнително, ако се земат предвид одредени обзнаени случаи во државата за доктори кои вршат дејност без лиценца, уште повеќе се нагласува неопходната потреба од обезбедување на точни и навремени информации за доктори кои се носители на важечки лиценци за работа. Со цел заштита на јавниот интерес, Државната комисија цени дека е неопходно дополнување на одредбите од Правилникот за формата,содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината со пропишување на јасен, прецизно утврден и разумен временски рок за ажурирање на регистарот и нивно објавување, како би можела јавноста да биде навремено информирана. Вака наведеното допрецизирање на одредбите има за цел надминување на утврдениот регулаторен ризик но, истовремено ќе овозможи пристап до податоци за доктори со важечки лиценци за работа во реално време да соодветствуваат со реалната фактичка состојба.

По пропишување на временски период за ажурирање на податоците, од регистарот, а во насока на заштита на јавниот интерес, Државната комисија препорачува да се преиспита можноста за санкционирање во случај кога регистарот нема ажурно да се води или нема да се објавуваат податоците во пропишаниот рок. Во спротивно, недостатокот од превентивни механизми остава можност за повреда на прописите со низок ризик на одговорност поради недостатокот од санкции.

Воедно, покрај наведените недостатоци се констатира дека по донесувањето на Статутарната одлука за изменување и дополнување на статутот на Лекарската комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија бр.48/2020") согласно која членот 14 станува член 17, не е извршено усогласување на Правилникот кој е предмет на оваа антикорупциска проверка. Од причина што членот кој се менува, претставува основ за донесување на Правилникот, потребно е да се изврши негово усогласување со Статутот на Лекарската комора.

**Заклучоци и препораки**

Државната комисија за спречување на корупцијата при спроведената антикорупциска проверка на горенаведените одредби оцени дека е потребно да се преземат чекори за надминување на вака констатираните состојби во насока на:

- дополнување на членот 261 став (4) од Законот за здравствената заштита, со одредба за начинот, постапката и временскиот период на ажурирање на податоците од регистарот и рок за нивно објавување;
- прецизирање на одредбите од Правилникот за формата,содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината, кои се однесуваат на начинот на водење на регистарот со утврдување на рок за негово ажурирање и рок и начин на негово објавување;
- пропишување на соодветни и ефективни санкции во случај на неажурно водење на регистарот или не објавување на податоците од регистарор;
- усогласување на одредбите од Правилникот за формата,содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината со член 17 на Статутот на Лекарската комора.

Со цел да се намалат ризиците од корупција и судир на интереси кои може да резултираат со примена на подзаконскиот акт, од аспект на примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија за спречување на корупцијата го доставува предметниот извештај.
Воедно укажува на потребата навремено да известите за преземените активности во насока на надминување на утврдениот регулаторен ризик преку инкорпорирање на препораките или да дадете образложение за препораките кои не се прифатени.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: С.И., советник
Контролирал: А.С, раководител на одделение
Одобрил: Б.В.Б., помошник раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930 https://www.dksk.mk